# ИНФОРМАТИВЕН ПРОСПЕКТ

## Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус

Управуван од

## Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво а.д. Скопје

31.12.2025

**а) Назив и седиште на Друштвото и Фондот**

Назив на Друштвото: Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво а.д. Скопје
Седиште на Друштвото: ул. Димче Мирчев бр.20, 1000 Скопје
Назив на Фондот: Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус
Скратен назив на фондот е Сава пензија плус.
Седиште на Фондот: ул. Димче Мирчев бр.20, 1000 Скопје.

**б) Имиња на членови на Управен и Надзорен одбор на друштвото**

**Членови на Управен одбор на друштвото**
Снежана Станковиќ – Претседател на Управен одбор
Д-р Петар Талески, FRM – Член на Управен одбор (до 31.12.2025 година)
Татјана Бојковска, CFA, CAIA – Член на Управен одбор

**Членови на Надзорен одбор на друштвото**
Давид Бенедек - Претседател на Надзорен одбор
Павел Гојкович – Член на Надзорен одбор
Рок Мољк – Член на Надзорен одбор
Д-р. Силвана Мојсовска – Независен член на Надзорен одбор од 27.09.2025 година

(Независен член на Надзорен одбор до 26.09.2025 година беше Ерол Хасан)

**в) Имиња и адреси на акционерите на друштвото и нивното учество во основната главнина на друштвото**

Акционер на друштвото е Позаваровалница Сава д.д., Љубљана, 21.200 обични акции, што претставува 100% од основната главнина.
Основната главнина на Друштвото изнесува **2,12 милиони евра.**

**г) Чувар на имот**
Чувар на имотот на Сава пензија плус е НЛБ Банка АД Скопје.
Седиште на чуварот на имот е: ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје

**д) Надворешен ревизор и супервизор**

Надворешен ревизор на финансиските извештаи на Друштвото и **Сава пензија плус** е ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.
Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk 02 3224 229.

**ѓ) Структура на реформираниот пензиски систем**

Прв столб – Задолжително пензиско и инвалидско осигурување,
Втор столб – Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.
**Трет столб – Доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Сава пензија плус е дел од третиот столб на пензиското осигурување.**

**е) Начин на зачленување и премин**

Лицето станува член на доброволен пензиски фонд:
- со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд меѓу лицето и друштво и со отворање на доброволна индивидуална сметка
- со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд меѓу лицето, физичкото лице кое уплаќа придонес во име и за сметка на лицето (во понатамошниот текст: уплаќач) и друштвото и со отворање на доброволна индивидуална сметка или
- со учество во професионална пензиска шема и отворање на професионална сметка.

**Членство со потпишување на договор за членство во Сава пензија плус**
При склучување на договор за членство во Сава пензија плус, друштвото го претставува агент кој е регистриран во Регистарот на агенти и му обезбедува на членот увид во информативниот проспект и статутот на доброволниот пензиски фонд.
Договорот за членство во Сава пензија плус:
- треба да биде пополнет и потпишан во форма пропишана од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.
- треба да биде потпишан лично од членот и агентот во име на друштвото, а доколку уплаќачот уплаќа придонес во име и за сметка на членот тогаш договорот за членство треба да биде потпишан и од уплаќачот.
- може да се менува со анекс само доколку настане вклучување, промена или исклучување на физичкото лице уплаќач од договорот.

За лицата кои потпишале договор за членство друштвото отвора доброволна индивидуална сметка веднаш по првата уплата на придонес.
Во случај едно лице да склучи договор за членство со две или повеќе друштва за управување со доброволен пензиски фонд или со две или повеќе друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, за валиден ќе се смета договорот за членство врз основа на кој е извршена првата уплата на придонес. По барање на член, Договор за членство може да се склучи и во двојазична форма.

**Начин на членување во доброволен пензиски фонд со учество во професионална пензиска шема**
Работодавач или здружение на граѓани (во понатамошниот текст: осигурител) може да организира и финансира професионална пензиска шема и да уплаќа придонес во доброволен пензиски фонд единствено за своите вработени или членови.
Осигурителот:
- изготвува Правила на професионалната пензиска шема со содржина дефинирана согласно Закон.
- потпишува договор со овластениот потписник на Друштвото кое управува со Сава пензија плус во кој ќе биде вклучена шемата, во прилог на кој дава листа на сите учесници во шемата
- има право слободно да ја одредува висината на уплатениот износ и фреквенцијата на уплата за секој учесник поединечно, а промената на висината и фреквенцијата на уплата не влијае на правото на членство во Сава пензија плус.
- е должен редовно да го известува Друштвото за секоја промена на листата на учесници.
- може да ја укине професионалната пензиска шема, да ги измени правилата или да го смени доброволниот пензиски фонд каде што е вклучена пензиската шема. Доколку осигурител превзема некоја од овие активности, должен е претходно во рок од 30 дена да ги извести сите учесници во професионалната пензиска шема.

Секој учесник во професионална пензиска шема потпишува изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема и ја доставува до осигурителот. По барање на член Изјавата за согласност може да се потпише во двојазична форма. Учесникот на професионалната пензиска шема станува член на доброволниот пензиски фонд по отворање на професионална сметка за што друштвото доставува потврда за членство. За лицата кои учествуваат во професионална пензиска шема друштвото отвора професионална сметка веднаш по првата уплата на придонес. По барање на член, потврдата може да биде изработена во двојазична форма.

**Учеството во професионална пензиска шема престанува со:**
а) престанок на работниот однос или членството во здружение на граѓани и пренос на средствата од постојната професионална сметка на друга професионална сметка или доброволна индивидуална сметка, согласно закон;
б) престанок на работниот однос или членството во здружение на граѓани и стекнување на старосна или инвалидска пензија.
в) престанок на работниот однос или членството во здружение на граѓани и смрт на членот.
г) укинување на професионална пензиска шема и пренос на средствата од постојната професионална сметка на друга професионална сметка или доброволна индивидуална сметка согласно закон;
д) укинување на професионална пензиска шема и стекнување на старосна или инвалидска пензија.
ѓ) укинување на професионална пензиска шема и смрт на членот.

**Начин на премин во друг доброволен пензиски фонд**

**Постапка на премин на член кој склучил договор за членство**
Член на доброволен пензиски фонд може да премине од постојниот доброволен пензиски фонд во друг доброволен пензиски фонд, со склучување на нов договор за членство со идното друштво и со префрлање на средствата од доброволна индивидуална сметка на постојното друштво на доброволна индивидуална сметка на идното друштво.
Друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд доставува копија од формулар за согласност за премин, до постојното друштво, во рок од осум работни дена по потпишувањето на договорот.
Постојното друштво по приемот на копијата од формуларот за согласност за премин, испраќа писмено известување до идното друштво со информација за тоа дали се прифаќа или одбива преминот со образложение како и информација за износот на надоместокот за премин. По приемот на известувањето, идното друштво веднаш го известува членот за обврската за плаќање надоместок за премин. По барање на член, Договорот за премин и Изјава за согласност за премин може да биде потпишан во двојазична форма.
Во рок од осум дена од добивањето на известувањето членот е должен да го плати надоместокот за премин определен од страна на постојното друштво и до постојното друштво доставува доказ за платениот надоместок со што потврдува дека е согласен да премине во идниот пензиски фонд.
Друштвото кое управува со постојниот доброволен пензиски фонд врши пренос на износот на сметката на членот и на соодветните податоци во идниот доброволен пензиски фонд на наредниот датум на пренос.
Членството во идниот доброволен пензиски фонд започнува од датумот на пренос на средствата на сметката на членот во идниот пензиски фонд.
По приемот на преносот, Друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд го известува членот за средствата на сметката во доброволниот пензиски фонд.

**Постапка за премин на член кој е учесник во професионална пензиска шема**

***Премин со префрлање од професионална сметка на професионална сметка во друг пензиски фонд***
Доколку учесник во професионална пензиска шема премине кај друг осигурител кој организира професионална пензиска шема и истиот го вклучи учесникот во пензиската шема, средствата од постојната професионална сметка се префрлат на професионална сметка во професионалната пензиска шема која ја организира новиот осигурител во друг доброволен пензиски фонд. Учесникот станува член во новата професионална пензиска шема со извршена уплата од страна на новиот осигурител.

***Премин со префрлање на цела професионална пензиска шема од еден во друг доброволен пензиски фонд***
Доколку осигурителот склучи договор за организирање на професионална пензиска шема во друг доброволен пензиски фонд, со цел да ја префрли професионалната пензиска шема, идното друштво го известува постојното друштво за склучениот договор. Доколку учесниците во професионалната пензиска шема се членови пократко од една година во постојниот доброволен пензиски фонд тие, согласно со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и одредбите на постојното друштво, потребно е да платат надоместок за премин. Преносот на средства постојното друштво го врши на првиот нареден датум на пренос кој следи по известувањето од страна на идното друштво за склучениот договор за вклучување и по доставена потврда за платен надоместок за премин, доколку постоела потреба за наплата на истиот.

***Премин со префрлање од професионална сметка на доброволна индивидуална сметка во друг пензиски фонд***
Средствата од професионална сметка се префрлаат на доброволна индивидуална сметка во случај кога на учесникот во професионална пензиска шема му престане работниот однос кај работодавач или членство во здружение на граѓани и:
- се вработува кај работодавач или се зачленува во здружение на граѓани кој/кое не организира професионална пензиска шема;
- се вработува кај работодавач или се зачленува во здружение на граѓани кој/кое организира професионална пензиска шема, но тој не е учесник во шемата;
- не се вработува или зачленува во здружение на граѓани.

Доколку по истекот на 90 дена од престанокот на работниот однос или членството во здружение на граѓани, лицето не стане учесник на професионална пензиска шема кај друг осигурител, или во случај на укинување на професионалната пензиска шема од страна на осигурителот не стане учесник на друга професионална пензиска шема организирана од истиот или од друг осигурител, средствата од неговата постојна професионална сметка се пренесуваат на неговата доброволна индивидуална сметка.
Доколку учесникот нема доброволна индивидуална сметка во истиот пензиски фонд пензиското друштво кое ја води професионалната сметка ќе побара информација од Агенцијата дали членот има доброволна индивидуална сметка во друг фонд. Доколку учесникот е пензиониран член, друштвото ги чува средствата на професионалната сметка.
Доколку друштвото добие информација од Агенцијата дека членот нема доброволна индивидуална сметка, тоа му отвара доброволна индивидуална сметка во доброволниот пензиски фонд со кој управува и ги пренесува средствата од постојната професионална сметка на доброволната индивидуална сметка. Доколку учесникот е пензиониран член, друштвото ги чува средствата на професионалната сметка. Истовремено, друштвото на членот му доставува потврда за членство. По барање на членот, потврдата за членство во
доброволен пензиски фонд треба да биде дадена и пополнета во двојазична форма
Доколку друштвото добие информација од Агенцијата дека членот има доброволна индивидуална сметка во друг фонд, постојното друштво ги пренесува средствата од професионалната сметка на доброволната индивидуална сметка во другиот фонд на првиот датум на пренос кој следи по добивањето на информацијата од страна на Агенцијата.

**Надоместок за премин*** во случаите дефинирани со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконски акти се пресметува зависно од бројот на денови на членство:

| Број на денови на членство | Износ на надоместок за премин* |
|---|---|
| Број на денови на членство ≤360 | 10 Евра (во денарска противвредност) |
| Број на денови на членство >360 | не се наплаќа надоместок за премин |

*извор www.mapas.mk

Приносот на Вашата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот доброволен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд.

**ж) Начин на известување на членовите и пензионираните членови**
Друштвото доставува писмено известување до членовите, најмалку еднаш годишно во зелен плик, или на електронска адреса со кое:
- ги информира членовите на Сава пензија плус за состојбата на средствата на нивните доброволни индивидуални сметки или професионални сметки, за датумите на уплата на придонесите и на преносот на средствата за членот на тој фонд во текот на односниот период и за претворањето на придонесите и пренесените средства во сметководствени единици.
- доставува податоци до секој член на Сава пензија плус за вредноста и учеството на средствата на Сава пензија плус инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи и податоци за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на процена заклучно со 31 декември секоја година. Обврската за давање податоци за издавачите на хартии од вредност се однесува на вложувања во хартии од вредност кои претставуваат најмалку 1% од вредноста на средствата на Сава пензија плус.
- доставува податоци за вкупниот износ на трансакциски провизии кои ги платиле друштвото и неговите странски менаџери на средства на доброволниот пензиски фонд на правните лица кои обезбедувале услуги за хартиите од вредност, во периодот од последниот извештај и за просечниот износ на таквите трошоци по една сметководствена единица на тој пензиски фонд.

Овие известувања, по претходна писмена согласност од членот, наместо во пис-мена фор¬ма може да се доставува и во електронска форма на електронска адреса дадена од членот.
По барање од член на Сава пензија плус, во секое време друштвото е должно во рок од осум работни дена од приемот на таквото барање, на членот да му достави известување за вредноста на средствата на неговата доброволна индивидуална сметка или професионална сметка.
Податоците се доставуваат до членовите на доброволниот пензиски фонд бесплатно. Друштвото може да наплати надоместок за известувањето по барање на член, но само до висината на трошоците за печатење и поштенските трошоци. По исклучок, друштвото не е должно да достави известување до лицето доколку тоа нема доброволна индивидуална сметка или професионална сметка.
Друштвото сите известувања до своите членови ги доставува до адресата за коресподенција наведена во договорот за членство или на доставена е-маил адреса. Извештајот за пензиска заштеда содржи податоци за корисничко име и лозинка за пристап до детален извештај за состојбата на индивидуалната и/или професионалната сметка. По барање на член, Друштвото обезбедува електронски пристап до детален извештај за состојбата на индивидуалната и/или професионалната сметка.

**За секоја промена на лични и контакт податоци како што се:** име, презиме, адреса на живеење (адреса за достава на писмена или електронска кореспонденција) и други лични податоци, членот треба навремено да достави информација до Друштвото.
Промена на податоци членовите можат да вршат: по писмен пат со потпишување на Барање во присуство на овластено лице за увид во документ за лична идентификација на член, со достава на пополнето Барање до Друштвото при што Друштвото телефонски ќе го контактира членот за проверка на идентитет при што разговорот ќе се снима, ажурирање на адреса со телефонски повик на 02/15500 при што разговорот ќе се снима, преку интернет страна на Друштвото, преку мобилна апликација Сава пензиско план. По барање на осигуреник Барањето за ажурирање може да биде пополнето и потпишано во двојазична форма дефинирана во Правилник за членство во задолжителен пензиски фонд.

Друштвото на својата интернет страна www.sava-penzisko.mk и во весник објавува и други информации предвидени согласно Закон и подзаконски акти.

**Одредбите за начинот на известување соодветно се однесуваат и на пензионираните членови на Сава пензија плус.**

**з) Право на пензиски надоместок**
Член на Сава пензија плус стекнува право на пензиски надоместок од доброволно капитално финансирано пензиско осигурување најрано десет години пред возраста за стекнување на право на старосна пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.
Членот е должен да го направи својот избор на начин на исплата на пензиски надоместок најдоцна до 70 години возраст. Доколку членот не направи избор, друштвото го известува за обврската за избор.
Пред изборот на начинот на исплата на пензиски надоместок, на барање на член, друштвото е должно да го извести за износот на неговата доброволна индивидуална сметка и професионална сметка и за можностите за личен избор на членот за начинот на исплата на пензиски надоместок.
Кога член на Сава пензија плус стекнува право на пензиски надоместок, целиот износ на акумулираните средства на неговата сметка ќе се искористи, со право на личен избор на членот за:
а) исплата на вкупниот износ на неговата сметка, еднократно или повеќекратно;
б) купување на пензиски ануитет кој се исплаќа од друштво за осигурување овластено за оваа цел (ќе се применува откако ќе биде издадена првата дозвола за вршење на работи на осигурување во класата на ануитети и исплата на ануитети за корисници на пензиски надоместок);
в) програмирани повлекувања обезбедени од друштвото со кое членот склучил договор за програмирани повлекувања по пензионирањето и
г) комбинација на опциите наведени во точките а), б) и в).
Доколку износот кој се наоѓа на сметката на членот е помал од износот пропишан од Агенцијата, членот има право само на пензискиот надоместок со исплата на вкупниот износ на неговата сметка, еднократно или повеќекратно.
Во случај на смрт на член на пензиски фонд, средствата од сметката на тој член или пензиониран член стануваат дел од оставинската маса на оставителот и со тие средства се постапува согласно со Законот за наследување.
Кога кај член на доброволен пензиски фонд е утврдена општа неспособност за работа од страна на Комисијата за оцена на работната способност при Фондот на ПИОСМ тој има право, без оглед на возраста, да избере една од можностите за пензиски надоместок.
Сите пензиски надоместоци се исплатуваат во денари на трансакциска
сметка на корисникот на пензиски надоместок.
Пензиските надоместоци подлежат на оданочување со данок на личен доход согласно со Законот за данок на личен доход.
Обезбедувањето на пензиски надоместоци се врши согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

**Склучување на договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати**
Член кој исполнува услови за исплата на пензиски надоместок согласно закон
- доставува барање за стекнување право на пензиски надоместок до пензиското друштво каде што тој има доброволна индивидуална или професионална сметка, најдоцна до навршувањето на 70 годишна возраст.
- може да бара спојување на средствата од двете сметки доколку има доброволна индивидуална и професионална сметка. Во случај сметките да се во две пензиски друштва, барањето се доставува во едно од пензиските друштва.
- може да побара котација за избор на вид на пензиски надоместок лично од Центарот за котација или преку пензиското друштво. Центарот за котација ќе се основа во рок од три месеци од денот на издавањето на првата дозвола за вршење на работи на осигурување во класата на ануитети и исплата на ануитети за корисници на пензиски надоместок).

Пензиското друштво, по добивањето на понудата од Центарот за котација, истата ја презентира на членот и доколку членот одбрал да прима пензиски надоместок како програмирано повлекување, еднократна или повеќекратна исплата, склучува договор со пензиското друштво чија понуда ја одбрал.
Корисникот на пензиски надоместок може во секој момент да ги замени програмираните повлекувања обезбедени од друштвото со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за: купување програмирани повлекувања од друго пензиско

друштво, купување ануитет од друштво за осигурување, еднократна исплата или повеќекратна исплата од страна на исто или друго пензиско друштво. Корисникот на пензиски надоместок може да ја замени повеќекратната исплата со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за: купување ануитет од друштво за осигурување, купување на програмирани повлекувања од исто или друго пензиско друштво, еднократна исплата или повеќекратна исплата од друго пензиско друштво.

**s) Основни цели и принципи на инвестирање**

Обезбедувањето на финансиска сигурност и одржлива иднина за нашите членови, преку раст на вредноста на пензиските заштеди, е интегрален дел на Мисијата на Сава пензиско друштво. Во таа насока, Друштвото е насочено кон остварување соодветен долгорочен принос на средствата на фондот имајќи ја пред сè предвид суштинската улога на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување, стапката на пораст на трошоците на живот и останатите основни системски параметри на пензиското осигурување.
За остварување на мисијата на долг рок, Друштвото цели кон годишна стапка на номинален принос од 4%. Целниот номинален принос се базира на одредени претпоставки и очекувања чија валидност се преиспитува минимум еднаш на 3 години, и истиот може да се менува во функција на остварување на мисијата на долг рок.
Преку тактички поместувања од стратешката алокација на средствата по класи на инструменти, Друштвото се стреми на краток и среден рок да обезбеди подобар принос на средствата на ОДПФ Сава пензија плус од приносот на пазарниот репер составен од различни воспоставени индекси за секоја класа на инструменти одделно со пондерирање кое соодветствува на целната структура определена во Инвестициската стратегија.
Со оглед на долгиот временски период до пензионирањето на неговите членови, но и карактерот на доброволното пензиско осигурување, Друштвото определува просечна или средна толеранција кон ризик односно учеството на акциите и уделите во акциските и приватните инвестициски фондови во вкупниот имот на фондот го определува во рангот помеѓу 20% и 50% од вкупните средства на фондот.
Средствата на фондот се инвестираат во согласност со долгорочниот временски хоризонт и правата за повлекување на средствата пред пензионирање.
Инвестирањето на средствата на фондот се врши врз основа на следните принципи:
- Ефективно донесување на одлуки, јасни улоги и одговорности;
- Јасно дефинирани цели;
- Инкорпорирање на критериуми за животната средина, социјалните аспекти и квалитетот на корпоративното управување (ESG) во процесот на донесување на одлуки;
- Свесност, разбирање и соодветна толеранција за ризиците;
- Соодветен репер и мерење на перформанси, и
- Транспарентност и редовно известување, јасна и релевантна комуникација.

Врз основа на **анализи на долгорочните перспективи и ризици на одделни класи на инструменти** се формираат базични претпоставки за очекуваниот принос од одделните класи на инструменти и за очекуваниот пораст на трошоците за живот во Република Северна Македонија. Врз основа на базичните претпоставки формирана е следната целна структура и дозволените отстапувања од истата:

| | Целно учество во структурата на имотот на фондот, како % од вкупни средства | Максимално надолно дозволено отстапување (-) во процентни поени | Максимално нагорно дозволено отстапување (+) во процентни поени |
|---|---|---|---|
| Акции и акциски инвестициски фондови; | 36% | 15 п.п. | 7 п.п. |
| - Република Северна Македонија | 8% | 5 п.п. | 5 п.п. |
| - Странство | 28% | 10 п.п. | 2 п.п. |
| Обврзници, обврзнички инвестициски фондови и други должнички инструменти; | 60% | 15 п.п. | 15 п.п. |
| - Република Северна Македонија | 55% | 10 п.п. | 10 п.п. |
| - Странство | 5% | 5 п.п. | 5 п.п. |
| Банкарски депозити | 4% | 4 п.п. | 4 п.п. |
| Државни записи, парични средства и парични еквиваленти | Во функција на управување со тековната ликвидност | | |

Целната структурата на портфолиото на Сава пензија плус според географска алокација:

| Географско подрачје | Целно учество во структурата на имотот на фондот | Максимално надолно дозволено отстапување (-) во процентни поени | Максимално нагорно дозволено отстапување (+) во процентни поени |
|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 67% | 7 п.п. | 15 п.п. |
| ЕУ и земји членки на ОЕЦД | 33% | 15 п.п. | 7 п.п. |

Врз основа на краткорочните очекувања за различните класи на инструменти Друштвото определува тактичка алокација на средствата за период од една година при што инвестициите ги распределува во рамки на дозволените отстапувања дефинирани во горните табели.
Покрај законските ограничувања поврзани со инвестициите на фондот, Друштвото ги одредува и следните внатрешни само ограничувања:

| Изложеност во поединечен инструмент/подрачје | % од средствата на фондот |
|---|---|
| Акција издадена од домашно акционерско друштво | 3,0% |
| Акција издадена од странска компанија | 1,2% |
| Обврзница издадена од странски држави и централни банки | 3,0% |
| Корпоративна обврзница издадена од странска компанија | 1,5% |
| Корпоративна обврзница издадена од домашно акционерско друштво, домашна банка или единица на локалната самоуправа во Република Северна Македонија | 2,5% |
| Удел во инвестициски фонд од странски издавач | 5,0% |
| Удел во отворен или затворен инвестициски фонд од домашен издавач | 3,0% |

Дополнително како интерно ограничување се утврдува изложеност во еден сектор/индустрија – максимално до 30% од акциското портфолио.

**и) Одговорност при носење на инвестиционите одлуки**

Одговорноста за инвестирање на средствата на Сава пензија плус е на органите на управување и надзор на Друштвото.
Управниот одбор го формира Одборот за инвестиции како посебно консултативно тело за прашања поврзани со инвестирањето и ризиците од инвестирањето на средствата на пензиските фондови.

Одборот за инвестиции одржува редовни седници најмалку еднаш месечно. Пред Одборот за инвестиции се презентираат анализи врз база на кои се поставува тактичката алокација и микро алокацијата на средствата на фондот и се дефинираат нивоата на прифатлив ризик. Одборот за инвестиции ги разгледува сите извештаи и анализи поврзани со инвестирањето на средствата на фондот, управувањето со ризиците и остварениот резултат од инвестирањето на вкупното и одделните делови на портфолиото на фондот. Конкретните одлуки, поврзани со инвестирањето и управувањето со ризиците, ги донесува Управниот одбор на Друштвото. Секторот Инвестиции и Секторот за управување со ризици имаат одвоени функции во рамките на организационата структура на Друштвото.

**Управување со ризици**

Управувањето со ризици подразбира идентификување, мерење и оценување, контрола и следење на ризиците, вклучувајќи го и известувањето за ризиците на кои е изложен или би можел да биде изложен фондот. Во управувањето со средствата на Сава пензија плус идентификувани се и се управуваат: ризикот на земја, каматниот ризик, валутниот ризик, ризикот од промена на пазарните цени на хартиите од вредност, ризикот од промена на ликвидноста на пазарот воопшто и промена на ликвидноста на одделна хартија од вредност, кредитниот ризик, ликвидносниот ризик, оперативниот ризик, ризикот од промена на законската регулатива, ризикот од неисполнување на спротивната страна, ризикот од порамнување и ризикот кај банката чувар на имот.
Управувањето со ризиците се спроведува во согласност со интерна Методологија донесена од страна на Управниот одбор. При управувањето со средствата на фондот се води сметка за соодветна валутна, секторска и географска диверзификација на вложувањата.

**Пресметка на принос**

Основен показател за перформансите на портфолиото на Сава пензија плус за изминат период се движењата на вредноста на сметководствената единица т.е. нејзиниот прираст и изведената стапка на номинален и реален принос за претходните 84 месеци (седум години), конвертирана во еквивалентна годишна стапка, изразена како процент со две децимални места.

Номиналната стапката на принос за определен временски период, конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос се пресметува по формулата:
R=(SEt/SEo)^(365/t)-1
каде
R стапка на принос за пресметковен период,
SEt е вредност на сметководствената единица на последниот ден од пресметковниот период,
SEo е вредност на сметководствената единица на последниот ден од месецот кој претходи на првиот месец во пресметковниот период и
t број на денови во пресметковниот период.
Реалната стапката на принос за определен временски период, конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос се пресметува по формулата:

$$R_{real} = \frac{1 + R_{nom}}{\left(\prod_k \left(1 + \frac{i_k\text{-}100}{100}\right)\right)^{\frac{365}{t}}} - 1$$

Каде:
$R_{real}$ е реална стапка на принос
$R_{nom}$ е номинална стапка на принос
$i_k$ е вредност на индексот на трошоци на живот на крајот на периодот и
t е број на денови во пресметковниот период.

Друштвото, согласно регулативата ги објавува остварените стапки на номинален и реален принос.

**Принос* на средствата на Сава пензија плус за периодот 31.12.2018– 31.12.2025 сведен на годишно ниво:**

| Вид на принос | Износ во % |
|---|---|
| Номинален | 6,27% |
| Реален | 0,88% |

Реалниот принос се добива од номиналниот принос коригиран за промената на нивото на трошоците на живот во пресметковниот период.
Приносот на Вашата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот доброволен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд.

**Надоместоци* кои ги наплатуваше Друштвото во периодот за кој се објавува приносот 31.12.2018 - 31.12.2025**

| Период | 31.12.2018-30.04.2021 | 01.05.2021-24.07.2023 | 25.07.2023-31.12.2025 |
|---|---|---|---|
| Надоместок од придонеси | 2,90% за индивидуални членови и најмногу 3,80% за членови учесници во професионална пензиска шема | 2,50% за индивидуални членови и најмногу 2,50% за членови учесници во професионална пензиска шема | 2,50% за индивидуални членови и најмногу 2,50% за членови учесници во професионална пензиска шема |
| Месечен надоместок од вредноста на нето средствата | 0,10% | 0,075% | 0,075% за индивидуални членови и најмногу 0,075% за членови учесници во професионална пензиска шема |
| Надоместок за премин | | | |
| Број на денови на членство ≤360 | 10 евра (во денарска противвредност) | | |
| Број на денови на членство >360 | Не се наплатува надоместок за премин | | |

За членови учесници во професионална пензиска шема надоместокот од придонеси и месечниот надоместок од вредноста на нето средствата на фондот се уредува со договорот за вклучување на професионалната пензиска шема во Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус. Нема намалување на надоместокот за постојано членство, како процент од придонесите во доброволниот пензиски фонд. Надоместоците се променливи согласно Закон. Најновите надоместоци се достапни на www.sava-penzisko.mk

Трансакциони провизии** платени од средствата на пензискиот фонд за периодот за кој се објавува приносот 31.12.2018-31.12.2025 изнесуваат вкупно 1.724.234,03 денари. Износот на трансакциони провизии по една сметководствена единица изнесува 0,18 денари**.

**j) Инвестициско портфолио на Сава пензија плус на 31.12.2025**

| ИЗДАВАЧ | НАЗИВ | Вредност во денари | % од вкупните средства |
|---|---|---|---|
| **ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | | |
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| **ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| Министерство за финансии на РСМ | Континуирана петнаесет годишна државна обврзница без девизна клаузула | 1.090.194.614 | 44,81% |
| Министерство за финансии на РСМ | Континуирана петнаесет годишна државна обврзница девизна клаузула | 216.504.633 | 8,90% |
| Министерство за финансии на РСМ | Континуирана триесет годишна државна обврзница девизна клаузула | 104.942.515 | 4,31% |
| Министерство за финансии на РСМ | Обврзница за денационализација девизна клаузула | 37.593.970 | 1,55% |
| **Вкупно домашни државни обврзници** | | **1.449.235.732** | **59,57%** |
| **ДЕПОЗИТИ** | | | |
| Прокредит банка АД Скопје | | 44.804.050 | 1,84% |
| останати * | | 37.552.710 | 1,55% |
| **Вкупно депозити во домашни банки** | | **82.356.760** | **3,39%** |
| **АКЦИИ** | | | |
| Универзална инвестициона банка АД Скопје | Обични акции | 54.959.800 | 2,26% |
| Македонски Телеком АД Скопје | Обични акции | 39.146.000 | 1,61% |
| Прилепска Пиварница АД Прилеп | Обични акции | 34.524.959 | 1,42% |
| останати * | | 32.785.500 | 1,34% |
| **Вкупно домашни акции** | | **161.416.259** | **6,63%** |
| **ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ** | | | |
| останати * | | 105.512 | 0,00% |
| **Вкупно удели на инвестициски фондови** | | 105.512 | 0,00% |
| **ВКУПНО ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **1.693.114.263** | **69,59%** |
| **ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД ИЗДАВАЧИ СО СЕДИШТЕ ВО ЕУ И ОЕЦД** | | | |
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| **ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| останати * | | 42.060.716 | 1,73% |
| **Вкупно државни обврзници** | | **42.060.716** | **1,73%** |
| **КРАТКОРОЧНИ ЗАПИСИ** | | | |
| **ДРЖАВНИ ЗАПИСИ** | | | |
| останати * | | 7.268.263 | 0,30% |
| **Вкупно државни записи** | | **7.268.263** | **0,30%** |
| **АКЦИИ** | | | |
| Alphabet INC | Обични акции | 13.719.288 | 0,56% |
| | Приоритетни акции | 13.590.220 | 0,56% |
| останати * | | 180.280.920 | 7,41% |
| **Вкупно акции** | | **207.590.428** | **8,53%** |
| **ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ** | | | |
| Vanguard Group Ireland LTD | Vanguard S&P 500 ETF | 108.395.470 | 4,45% |
| State Street Global Advisors Europe LTD | SPDR MSCI World ACC | 48.527.086 | 1,99% |
| BlackRock Fund Advisors | iShares Core S&P Midcap ETF | 45.754.531 | 1,88% |
| BlackRock Fund Advisors | iShares Global Tech ETF | 39.405.279 | 1,62% |
| Fidelity Management & Research CO LLC | Fidelity Financials ETF | 32.415.672 | 1,33% |
| The Vanguard Group | Vanguard FTSE Pacific ETF | 31.576.068 | 1,30% |
| First Trust Portfolios LP | First Trust NASDAQ Cybersecurity ETF | 27.468.363 | 1,13% |
| останати * | | 127.138.675 | 5,23% |
| **Вкупно удели на инвестициски фондови** | | **460.681.144** | **18,93%** |
| **ВКУПНО СТРАНСКИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **717.600.551** | **29,49%** |
| Побарувања | | 4.033.054 | 0,17% |
| Парични средства | | 18.280.014 | 0,75% |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **2.433.027.882** | **100,00%** |

* Вложувањата помали од 1% се групираат во алинејата ,'останати''

**Структура на вкупни средства по група на инструменти на 31.12.2025***




**Структура на вкупни средства по држава на 31.12.2025**




**Вредност на сметководствената единица 31.12.2018-31.12.2025***




**к) Надоместоци, провизии и останати трошоци**

Надоместоци* кои ги наплатуваше друштвото од членовите на Сава пензија плус во периодот 01.01.2025 – 31.12.2025

| Надоместоци | |
|---|---|
| Надоместок од придонеси | 2,50% за индивидуални членови и најмногу 2,50% за членови учесници во професионална пензиска шема |
| Месечен надоместок од вредноста на нето средствата на фондот | 0,075% за индивидуални членови и најмногу 0,075% за членови учесници во професионална пензиска шема |
| Надоместок за премин | |
| Број на денови на членство ≤360 | 10 **евра (во денарска** противвредност) |
| Број на денови на членство >360 | не се наплатува надоместок за премин |

За членови учесници во професионална пензиска шема надоместокот од придонеси и месечниот надоместок од вредноста на нето средствата на фондот се уредува со договорот за вклучување на професионалната пензиска шема во Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус.
Нема намалување на надоместокот за постојано членство, како процент од придонесите во доброволниот пензиски фонд. Надоместоците се променливи согласно Закон.

Приносот на Вашата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот доброволен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд.

**Трансакциски провизии:**

Трансакциони провизии** платени од средствата на пензискиот фонд за 01.01.2025-31.12.2025 изнесуваат вкупно 225.614,95 денари. Износот на трансакциони провизии по една сметководствена единица изнесува 0,02 денари**.

**Надоместоци** кои се наплаќаат од Друштвото:**

| | Износ | Износ/Вредност на нето средствата на доброволниот пензиски фонд % | Износ на трошок по една сметководствена единица |
|---|---|---|---|
| **Чувар на имот*** ** | 1.342.641,00 | 0,06% | 0,14 ден. |
| **МАПАС** | 1.922.268,00 | 0,08% | 0,21 ден. |

***Надоместокот кој го наплаќаше чуварот на имот изнесуваше 0,06%

Друштвото наплатува месечен надоместок од вредноста на нето средствата на фондот од пензионираните членови идентичен со надоместокот кој се наплаќа од членовите. Друштвото не наплаќа трансакциски трошоци за исплата на пензиски надоместок.

**л) Број на членови или пензионирани членови во Сава пензија плус**

Во Сава пензија плус на 31.12.2025 има 16.274 членови*. Заклучно со 31.12.2025 година бројот на пензионирани членови од доброволниот пензиски фонд изнесува 30 **

**љ) Вредност на нето средствата на Сава пензија плус**

Вредноста на нето средствата акумулирани во Сава пензија плус на 31.12.2025 година изнесува 2.425,04 милиони денари*.

Татјана Бојковска, CFA,CAIA
Член на Управен одбор

Снежана Станковиќ
Претседател на Управен одбор

* извор. www.mapas.mk
** Извор. Сава пензиско друштво а.д. Скопје